


МОНОГРАФИЈА ЗА ГОЛЕМИОТ УМЕТНИК ТОМЕ

# ПРЕДОДРЕД


СКУЛПТОРОТ ТОМЕ СЕРАФИМОВСКИ


МИЛТОН МАНАКИ


СОЊА


СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

**Томе Серафимовски му приоѓа на портретот максимално интензивно. За него, тој не е само инспирација. Портретот за него е опсесија.**

**Академик Серафимовски е скулптор. Од оние најретките кои, едноставно, не можеле да не станат токму скулптори.**

Пишува:
**Милева ЛАЗОВА**

Во Музејот на Град Скопје во присуство на голем број почитувачи на уметничкото дело на академик Томе Серафимовски беше промовирана колор монографијата под наслов "Томе Серафимовски портрети". Колор монографијата е во издание на Музејот на Град Скопје и на книгоиздателството "Ѓурѓа", автор на текстот е проф. д-р Ферид Мухиќ, а дизајнот е на Кочо Фидановски.

На промоцијата пред присутните беше прикажан и документарниот филм "Портрети" посветен на творештвото на Томе Серафимовски и на истоимената изложба која минатата година беше отворена во Музејот на Град Скопје.

## ТВОРЕЧКИ БОЈ

Честа на промовирањето му беше доверена на академик Георги Старделов кој говореше за вредноста на пишаното дело за македонскиот скулптор.

- "Во оваа книга - вели академик Старделов - се одвива, всушност, една ретка творечка и естетска битка на двајца творци. Првиот да го види и опфати другиот, другиот да го открие и осмисли првиот и тоа едниот да го стори тоа со зборови, другиот со глина; едниот со филозофска мисла, другиот со уметничка експресија. Но, таа естетска творечка битка не се води еден против друг, туку еден за друг. Такви се, имено, сите големи естетски битки, битките за убавината и тие мора да се добијат. Притоа и тие бараат сила, правдина и убавина, но сила, правдина и убавина на зборот и духот, на умот и срцето. Во овој естетски творечки бој на овие наши видни и од бога опсипани со големи дарбини творци, никој не е поразен, а двајцата се победници, победници со острината на умот и со инвенцијата на духот".

Томе Серафимовски има создадено, во траен материјал - бронза, мермер,









# ЕН ДА БИДЕ СКУЛПТОР


БЛАЖЕ КОНЕСКИ


МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ


РАЈКО ЖИНЗИФОВ


КОЧО РАЦИН


КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ


СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ


СВ. НАУМ ОХРИДСКИ


ТЕОФИЛАКТ ОХРИДСКИ

оникс и дрво - над 450 скулптури. Од тоа, околу 130 портрети, повеќе од 200 актови, 90 скици, минијатури, идејни решенија, од областа на ситната пластика, околу 10 торза, 5 релјефи, а реализирал и 17 спомен-обележја и споменици кои се наоѓаат низ просторите на поранешна Југославија и светот, а се разбира и во Македонија. Во текот на четириест и петте години активно творештво, академик Серафимовски учествувал на повеќе од 200 групни изложби, а реализирал триесетина изложби во Македонија и светот. Неговите дела се дел од повеќе приватни колекции во светот, како и во многу галерии и музеи: во Лондон, во Париз, во Рим, во Перт, во Љубљана...

## ДАРБА

Авторот на Монографијата, професорот Ферид Мухиќ ќе рече:

- "Томе Серафимовски е скулптор. Од оние најретките кои, едноставно, не можеле да не станат токму скулптори. Не знаејќи како, оваа своја клучна дарба, силата и страста, докрај и најсоодветно да ги реализира низ уметноста, тој најнапред поверувал, заедно со своите средношколски професори, дека е предодреден да биде сликар. Со таков ниет заминал и во Сплит, во Средното уметничко училиште, каде што по извесно време, еден друг внимателен педагог, прецизен набљудувач и инквизитивен дух, професорот Петар Ружиќ, го насочил 16-годишниот Томе кон скулптурата".

И не погрешил. Томе Серафимовски му приоѓа на портретот максимално интензивно. За него, тој не е само инспирација. Портретот за него е опсесија. Понатаму од раката на професорот Мухиќ е запишано дека веќе долги години, како корали во топло море, се таложат делата на Серафимовски. Нараснуваат, формираат долг подводен гребен. Во него вградуваат мермер, го залеваат со растопена бронза. Го облепуваат со глина. Жолта, бела, сина, таа, со своето непорозно тело, ги затвора капиларите низ кои, во материјата од овој свет, несопирлива, навира смртта.

- "Вистинското ликовно дело, а можеби - објаснува професорот Мухиќ – и секое уметничко дело, во основа е портретирање. Регистрирање на напорот на

## МОНОГРАФИЈА ЗА ГОЛЕМИОТ УМЕТНИК ТОМЕ СЕРАФИМОВСКИ


ХУСТО ХОРХЕ ПАДРОН


РАФАЕЛ АЛБЕРТИ


ЕЧЕН ГИЛВИК


РАДОМИР ИВАНОВИЌ


ВУКАН ДИНЕВСКИ


ВЛАДО СЕРАФИМОСКИ


САШКА


БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ


ВЕСНА ФИЛА


ВЕНЕРА


ШОЛЕ ШОБОТА


ДВА ЖЕНСКИ ПОРТРЕТИ

духот, на она личното, персоналното, да се зачува, да остане со главата над матната вода на времето во која, без прекин тонат и засекогаш исчезнуваат, прекриени од тешките бранови, илјадници луѓе, животни, суштества, сништа и амбиции".

При создавањето на неговите скулптури тој не верува во еднополноста. Подеднакво се застапени и машките и женските скулптури. Меѓутоа, женскиот портрет на академик Серафимовски е далеку порафиниран, дефиниран, подовршен и веројатно посовршен стадиум на животот отколку машкиот. Грчот е надвладеан, дилемата е решена, болката е надминатата и интернализирана на женските лица во портретите на овој скулптор. Додека машките лица соопштуваат драма, женските лица повеќе го откриваат карактерот. Меѓутоа, и кај машките и кај женските ликови, скулптурата во својот највисок дострел, во портретот, ги обединува сите бестелесни квалитети и мигновени, минливи епитомизми, за да ги обликува, за да ги вгради и за да ги зачува во материјалот кој ја чува тајната на лекот против распадливоста на овој свет. Портретот е сетилна презентација на лицето на бесмртноста, преточено во скулптура која се времува појасно и опстојува подолго.

Ликовите на бројни македонски преродбеници, сеслованки просветители, познати имиња на светски личности, како и пријатели на Томе Серафимовски се изваjани од неговите уметнички прсти. Како на пример: Славко Јаневски, Мирослав Крлежа, Тодор Скаловски, Маја Спирковска, Партенија Зографски, Ѓорѓија Пулевски, Кочо Рацин, Никола Карев, Моша Пијаде, Едвард Кардељ, Јосип Броз Тито, Мајка Тереза, како и неговите пријатели Георги Старделов, Ферид Мухиќ и многу други.